*„Верувањето во фактот дека можете да имате прекрасна кариера е само еден чекор пред нејзиното постигнување“*

***Сен Ајкен***



# БИДЕТЕ

## НАШАТА ИДНИНА ДЕНЕС

КБ Прво пензиско друштво АД Скопје – лидер на пазарот на пензиското осигурување во Република Северна Македонија, препознатливо по своите етички принципи, висока стручност, професионалност и транспарентност во работењето, има потреба од млад и амбициозен кадар, со амбиција и желба за работа во Сектор за администрирање на сметки, Сектор за сметководство и финансии, Сектор за ИТ и Сектор за продажба.

Работниот однос е на определено време од 3 месеци.

Кандидатите кои ќе покажат забележителни резултати во дадена област, ќе имаат можност за продолжување на договорот.

Работното време е 40 работни часа, секој работен ден од понеделник до петок.

Висината на платата е предмет на договор.

## Потребни квалификации:

- Дипломирани или студенти на последна година од студии;
- Поседување на возачка дозвола Б категорија;
- Претходно работно искуство не е задолжително.

## Кандидатот е потребно да поседува:

- Напредни вештини во MS Office;
- Комуникациски вештини, усмени и писмени;
- Проактивност, самоиницијативност и доверливост;
- Лична одговорност и интегритет;
- Подготвеност за учење и професионално усовршување.

Нашите вработени се клуч за нашиот успех.

Друштвото Ви нуди флексибилна и пријатна работна средина, како и можност за дополнителна обука и професионална надградба.

Доколку сте подготвени да ја креирате Вашата иднина денес, Ве охрабруваме да се приклучите на нашиот тим.

Вашата биографија ја очекуваме на следнава електронска адреса: **vrabotuvanje@kbprvo.com.mk** најдоцна до **02.05.2024.**

Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг ќе бидат повикани на интервју. Друштвото го задржува правото да не ангажира ниту еден кандидат од пријавените на конкурсот.

**За дополнителни прашања, можете да стапите во директен контакт со КБ Прво пензиско друштво: vrabotuvanje@kbprvo.com.mk или на тел.: 02/3243-777.**

## Напомена:

Согласно Законот за заштита на личните податоци, со доставувањето на Вашата биографија за идните потреби на Друштвото, согласни сте Вашите лични податоци да бидат предмет на обработка од страна на Друштвото, за потребите на користење во процесот на селекција на кадри. Друштвото Ве известува дека Вашите лични податоци нема да бидат користени за ниедна друга цел, освен наведената, ниту пак, би биле достапни на трети лица, односно Вашите лични податоци ќе се обработуваат согласно Законот за заштита на личните податоци.

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk